ЈЕРОТЕЈ ВЛАХОС

# НАДМИНУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛИЗМОТ

НАЦИОНАЛИЗМОТ Е ЕРЕС НА ПРАВОСЛАВНИОТ ЦРКОВЕН ЖИВОТ, ШТО ЗНАЧИ ДЕКА СЕКОЈ НАЦИОНАЛИЗАМ Е СЕПАРАТИВЕН,,БИДЕЈЌИ ЈА ЖИВЕЕ ОДДЕЛНОСТА ЗА СМЕТКА НА СОБОРНОСТА.. НАЦИОНАЛИЗМОТ ПРЕТСТАВУВА ЕДНА ПОДЕЛБА,ТОКМУ ЗАТОА ШТО СЕ ПРЕФЕРИРА ФИЛЕТИЗМОТ РОДОВСТВОТО) НАСПРОТИ ЕДИНСТВОТО НА ЧОВЕЧКИОТ РОД....



...Меѓутоа, треба да се забележи нешто што за жал одбегнува од вниманието на оние што се осврнуваат на опасноста од национализмот. А тоа е дека национализмот, состојбата да се затвара некој во просторот и времето, да се оградува во родовски граници, во реалноста е една природна состојба во неприродниот живот после падот.

Бог не ги создаде луѓето за да бидат владетели и потчинети, господари и слуги. Од почетокот на создавањето, човекот не беше поделен во родови и етнички групи, ниту постоеше помеѓу нив антагонизам. Сето тоа е последица на човековиот пад, на неговото излегување од Рајот, на губењето на Богоопштењето.

Во книгата на Постанокот после потопот со Ное, се вели дека луѓето зборувале еден општ јазик. **По целата земја имаше еден јазик и еден говор** (1 Мој. 11, 1). Меѓутоа кога ја направија Вавилонската кула, што беше знак на гордост, тогаш Бог направи мешање на јазиците и ги растури по целото лице на земјата. Пишува во Светото Писмо: *И рече Господ: ‘Еве, еден народ се и сите имаат еден јазик, но еве што почнале да прават; и нема да се откажат да го направат тоа, што го наумиле. Ајде да слеземе и да им го збркаме јазикот нивни за да не се разбираат еден со друг што зборуваат!’. И така Господ ги растури оттаму по целата земја, и престанаа да го ѕидаат градот и кулата* (1 Мој. 11, 6 - 8).



Во оваа одломка се гледа дека поделбата на јазиците, мешањето помеѓу луѓето, нивното разделување, беше последица на човековиот грев. Бог, конечно, го допушти и го благослови тоа оддалечување, стремејќи кон поопштиот интерес, бидејќи веќе претходеше една друга катастрофа преку потопот.

Повторното единство помеѓу луѓето беше постигнато со Христовото вочовечување, со Крстот, Смртта, Неговото Воскресение и доаѓањето на Утешителот. Црквата е новиот Рај, во којшто човекот ја стекнува вистинската заедница со Бога и со луѓето. Иако останува посебноста на јазикот и на татковината, кои не се исфрлаат, сепак се надминуваат со стекнувањето на еден друг јазик, на умносрдечната молитва, која е последица на примањето на Светиот Дух.

Не е без врска фактот дека во црковното богослужење се прави една релација помеѓу Вавилон и Педесетница. Тоа најкарактеристично може да се забележи во Кондакот на Педесетница. Во него се гледа дека Бог ги подели народите и јазиците, но конечно преку Светиот Дух и преку разделувањето на огнениот јазик луѓето го стекнаа единството помеѓу себе. Така, и покрај поделеноста и различноста на јазиците, сепак постои еден општ јазик. А ако ја толкуваме Педесетницата преку отечкото учење, можеме да се увериме оти тоа значи дека оние коишто ќе стигнат до доживување на Педесетницата, до созерцание на Бога, стекнуваат единство помеѓу себе.

Црквата е новиот Рај, во којшто човекот ја стекнува вистинската заедница со Бога и со луѓето. Иако останува посебноста на јазикот и на татковината, кои не се исфрлаат, сепак тие се надминуваат со стекнувањето на еден друг јазик, на умносрдечната молитва, која е последица на примањето на Светиот Дух.

Тоа покажува дека филетизмот, затварањето во тесните граници на етнофилетизмот, што секако се прави за сметка на единството на човечкиот род, е природен живот во неприродната состојба на човекот. Надминувањето на етнофилетизмот се врши само со учеството во соединувачката сила на Пресветиот Дух. Тоа можеме да го видиме поаналитички во три точки, кои секако се продолжение на она што претходно го кажавме.

Првата точка е дека човекот после падот, како што вели Светото Писмо, ја облече кожната облека. Светите отци толкувајќи што е таа кожна облека, даваат и алегориско значење, дека тоа се трулежноста и смртноста. Поради трулежноста и смртноста во човекот се развиваат различни страсти, од коишто најглавна е себељубието. Човекот во животот по падот чувствува несигурност, страв и агонија, поради смртта. Славољубието, себичноста, собирањето и умножувањето на многу материјални добра се последица на таа состојба.

Повторното единство помеѓу луѓето беше постигнато со Христовото вочовечување, Крстот, Смртта, Неговото Воскресение и со доаѓањето на Утешителот.




**Православието има еден друг живот, кој се поврзува со Божјата благодат и му помага на човекот да надмине секаква минливост и релативност, секаква пооделност и сепаративност.**

Човекот херметички се затвара во тварните ограничувачки рамки, во затворот на своето Его. Природно е, значи, во неприродниот живот, да се чувствува сигурен во својот јазик и во својот род, којшто го гледа како проекција на самиот себеси и на своето семејство. Не може да ги возљуби другите повеќе од себеси, не може да се принесе на заедницата жртвувајќи го своето семејство, не може да го надмине филетизмот. Втората точка е дека тоа надминување на филетизмот се постигнува преку Светиот Дух, Кој дејствува во просторот на Црквата. Бог ги повикува сите народи да го примат Откровението, коешто им се даде на луѓето преку Христа. Со Тајните на Црквата човекот се воведува и живее во едно семејство, кое е над неговото семејство и над самата негова татковина. Без да се исфрлаат семејните и националните односи, стекнува едно друго пошироко семејство. Со Крштението човекот го надминува својот индивидуализам и индивидуалистичките избори. Еден современ монах од Света Гора вели дека човекот влегувајќи во Црквата, дури и монахот којшто се откажува да прави свое семејство влегува во големото семејство на Адам, т.е. сиот свет го прави свое семејство и татковина. Затоа и Светото Крштение се нарекува преродување, бидејќи крштелниот купел е духовната утроба на Црквата. Преку причестувањето со Телото и Крвта Христови човекот се соединува со Христа, и како и Он така и тој го љуби сиот свет. Божествената Евхаристија којашто се врши „за сите и за се“ ги обединува сите Христијани, иако припаѓаат на различни родови и етноси.

Мошне трогателно е да се гледа кога Православни Христијани од различни нации и бои заеднички се молат за време на Богослужењето, а особено кога се причестуваат од истиот путир на Божествената Литургија. Аскетскиот живот, кој е најтесно поврзан со светотаинскиот живот, му помага на човекот да го отфрли себељубието и да ја стекне љубовта којашто „не го бара своето“. Нормално, љубовта не е од човечки происход, туку енергија на Божјата благодат и синергија (содејство) на човекот. Кога некој ќе ја стекне таа љубов ги надминува јазиците на луѓето и на ангелите (види 1 Кор. 13, 1). Обожените луѓе бидејќи целосно се преобразуваат го отфрлаат себељубието, затоа и се природни луѓе, имаат голема срдечна приемливост и се сесветски луѓе. Го љубат сиот свет и се молат за него. Карактеристичен пример за таква икуменичност којашто е плод на доживувањето на животот пред падот е современиот свети Силуан Атонски. Оној што ги чита неговите списи ќе се увери дека бил Русин, живеел на Света Гора, но се молел за сиот свет. Иако имал руско потекло, сепак црковно не бил ниту Русин, ниту Грк, туку светител којшто го прегрна од љубов и со љубов сиот свет. Без да патува во различни земји ја спознал трагедијата и драмата на луѓето и се молел за нив. Затоа, еден светител не може да биде шпион, филетист и националист, зашто сите тие ограничени љубови се напоени од големата Христова љубов.

Еден пример за икуменичност е Света Гора. Монасите доаѓаат од многу татковини, но сите ја чувствуваат Света Гора за единствена своја татковина. Света Гора е единствениот простор на земјата во којшто не се раѓаат луѓе, туку само живеат и умираат. Меѓутоа, сите ја чувствуваат како своја вистинска татковина, зашто таму се преродуваат духовно. Тоа е едно заедничко жителство на љубов и слобода. И ако некогаш во минатото таму било забележано некое националистичко движење од некоја страна, истото се сметало како ерес и набргу било спречувано од постоењето на обожените луѓе коишто ја живееле и ја живеат вистинската икуменичност. Така, Света Гора отприлика ни покажува како може да функционира едно православно општество. Тамошниот начин на управување и на живеење треба да стане предмет на сериозно научно изучување, зашто ќе покаже како можат да се надминат сите филетички (родовски) разлики.

Третата точка е дека Христијаните не се ограничуваат од просторот и времето, туку ги преобразуваат и ги осветуваат со благодатта Божја. Незамисливо е времето без просторот и просторот без времето. Во Црквата како времето така и просторот се осветуваат од Божјата благодат. Во конкретниот простор и конкретното време можеме да го живееме вечното, Царството Божјо. Кога човекот се детерминира од времето и просторот, кога не ги совладува со Божјата благодат, тогаш е националист и вистински идолопоклоник. Во врска со ова професорот Георгиос Манѕаридис забележува: „Просторот ги дели луѓето. А одделните елементи со коишто се поврзуваат луѓето во секоја конкретна област, ги делат од луѓето од другите области. Етничките елементи, кога се апсолутизираат, се преобразуваат во идоли. Така национализмот се совпаѓа со идолопоклонството. А бидејќи национализмот секогаш се ограничува во просторот, тој е политеистичен“.  Вистинска заедница и единство т.е. надминување на просторот и времето постои само со победата над смртта.




**Од  почетокот на создавањето човекот не беше поделен во родови и во етнички групи ниту постоеше помеѓу нив антагонизам. Сето тоа е последица на човековиот пад, на неговото излегување од Рајот, на губењето на Богоопштењето.**

ЕДЕН СВЕТИТЕЛ НЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ШПИОН, ФИЛЕТИСТ И НАЦИОНАЛИСТ, ЗАШТО СИТЕ ТИЕ ОГРАНИЧЕНИ ЉУБОВИ СЕ НАПОЕНИ ОД ГОЛЕМАТА ХРИСТОВА ЉУБОВ.



Во Посланието на Диоген, еден текст од вториот век, најизразито се прикажува животот во Христа којшто е надминување на национализмот и на секоја посебност. Се вели дека „Христијаните имаат своја татковина, но се како туѓинци; учествуваат во сè како граѓани, но пребиваат како странци; секоја туѓа татковина е нивна, и секоја татковина туѓа; во тело се, но не живеат според телото. На земјата се движат, но на небото живеат“. Без да се отфрла татковината, се надминува преку во Христа туѓинувањето. Живеењето на есхатонот (на бесконечниот живот) ја одзема секоја детерминираност. Христијаните имаат една конкретна татковина, но не се лепат за неа, бидејќи се чувствуваат како странци. Истовремено ја доживуваат сета вселена како татковина. Сета земја е нивна.

Следствено, само Црквата го враќа човекот во животот пред падот и во состојбата пред Вавилонската кула, бидејќи се создава еден нов народ, со поимањето што го наведовме претходно. Надвор од Црквата е невозможно некој да се оддалечи од национализмот. Мислам дека претставува вистинска утопија да зборува некој против национализмот бивајќи врзан во просторот и времето. Како што е утопија да зборува некој за комунизам и за нестекнување без Светиот Дух, исто така утопија е да зборува некој за ослободување од национализмот надвор од црковниот живот.

Православието по својата природа е наднационално, без да ги исфрла посебните татковини на секој човек. Како што за некој астронаут кој излегува од привлечноста на земјината тежа важат други услови и други закони, истото се случува и со секој човек кој ја доживува и живее благодатта Божја. Има еден живот кој е надминување на биолошкиот живот. Тоа е она што се вели дека стекнува една ипостас која е одрекување од секоја природна нужност, од секоја нужност на природата. Државата може да практикува каква сака политика, која мисли дека е од полза за нејзините граѓани. Меѓутоа Православието има еден друг живот, којшто се поврзува со Божјата благодат и му помага на човекот да надмине секаква минливост и релативност, секаква поодделност и сепаративност.



ЕТНИЧКИТЕ ЕЛЕМЕНТИ, КОГА СЕ АПСОЛУТИЗИРААТ, СЕ ПРЕОБРАЗУВААТ ВО ИДОЛИ. ТАКА НАЦИ-ОНАЛИЗМОТ СЕ СОВПАЃА СО ИДОЛОПОКЛОНСТВОТО. А БИДЕЈЌИ НАЦИОНАЛИЗМОТ СЕКОГАШ СЕ ОГРАНИЧУВА ВО ПРОСТОРОТ, ТОЈ Е ПОЛИТЕИС-ТИЧЕН